РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr. 12-2976/2
15-09-2023 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 92-та седница, одржана на ден 11.09.2023 година донесе

**О д л у к а**

Пријавата заведена под број 12-2976/1 од 19.06.2023 година, со наводи за незаконито работење во подрачна канцеларија за матично работење Дебар, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување по предметот од причина што пријавените наводи не се предмет на нејзино надлежно постапување и за истите друг орган е надлежен да постапува, а исто така ДКСК има постапено по предмет со слични наводи за кој има донесено одлука од своја надлежноат.

Предметот со број 12-2976/1 од 19.06.2023 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 19.06.2023 година, поднесена е пријава заведена под број 12-2976/1 од 19.06.202 година, по која е оформен предмет со наводи за незаконито работење во подрачна канцеларија за матично работење Дебар во текот на 2021-2022 , против раководител ---------- ----------- и заменикот --------- ----------.

Во доставената пријава се наведува дека од страна на наведените лица била сторена злоупотреба на службената должност со тоа што на две лица кои биле вработени во предметната подрачна канцеларија им биле потпишувани извештаи од нивна страна со што им било дозволено да земаат плата иако истите не доаѓале на работа. Од ДКСК се бара да го испита овој случај.

При разгледувањето на пријавата, ДКСК констатира дека во случајот се работи за наводи кои не се предмет на нејзино надлежно постапување и за кои друг орган е надлежен да постапува, а исто така ДКСК има постапено по слични наводи изнесени во предмет број 12-4853/1 од 11.05.2022 година и на 85-та седница од 12.04.2023 година за истиот има донесено одлука од своја надлежност заведена под број 12-304/5 од 18.04.2023 година.

Имајќи го предвид наведеното, ДКСК оцени дека во предметниот случај нема елементи за надлежно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изработил: Ј.Ц.
Одобрил : Н.Б., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk